### "ЉУБОВТА НЕРАЗБИРЛИВА, СЕКОЈ ПРОКЛЕТ МИГ" - ИЗЛОЖБА НА ИГОР ТОШЕВСКИ ВО МСУ



# Црвени шеќерни јаболка, наспроти нередот околу нас

Заскита маалското куче, завчеравечер во Музејот на современа уметност, на изложбата на Игор Тошевски "Љубовта неразбирлива, секој проклет миг", и ја опушти публика, беа коментарите, зашто за изложбата од објекти е потребна опуштеност од публиката, која станува дел од инсталацијата. Изложбата е продолжување на внимателно подредениот крш од "Досие 96", или од истражувањата "Слободни територии" (2004-2011), па сега гледаме развеани црни знамиња, а под нив се поставени редимејсд предмети кои зборуваат преку нивната патина за индивидуалната или за колективната историја. Наспроти овие објекти, во вмрежен затворен простор е поставена уредно подредена пирамида од црвени шеќерни јаболка, кои публиката ги зема, ги јаде, шетајќи низ изложбата.

Во средината има стара бандера, изолирана со перници меѓу небото и земјата, што говори за своевиден комфор, но наспроти тоа, на неа има закачено стар мегафон, на кој оди песна од 1934 година "Не сакам да го запалам светот". Црните знамиња, како што вели авторот, се црни зашто се дезидеологизирани, додавајќи оти црната е боја на слобода во многу култури. Кај нас, заедно со црвената се бои на борба за слобода, па токму затоа се шеќерните јаболка таму, за да се измеша црвената со црната, кога публиката, јадејќи ги, се шета меѓу објектите. Црната авторот ја поврзува и со делата на Маљевич, со Црната армија која се јавува во Унгарија и радикализмот, како и со анархизмот, велејќи дека, според Прудон, анархијата е мајка на редот. Затоа, Тошевски во оваа поставка си игра со редот и нередот, оставајќи го посетителот самиот да ги бара одговорите на мноѓуте прашања, како: дали е човекот растргнат или соединет, дали е во унии или во националистички држави, колку е слободен.



Маалското куче од пред МСУ заскита меѓу публиката



*Публиката шетајќи меѓу објектите и црните знамињата, ги јадеше црвените шеќерни јаболка и ги измеша црната и црвената боја, синоним за борба за слобода*

Овој пат Тошевски буди повеќе сензации, вметнувајќи го ветерот кој ги вее знамињата, звукот од мегафонот, вкусот на шеќерот од јаболкото. Тој ништо не сугерира, остава секој самиот да ја увиди минливост на светот, а и на уметноста.

**(М. За.)**

Фото: О. Теофиловски